ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ

# ОДРЖАНА 5. МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ТРАНСФОРМАЦИЈА КОН ОДРЖЛИВО И ФЛЕКСИБИЛНО ОПШТЕСТВО ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ“

*Маја ФИЛИПОВСКА*

Институт за дефектологија

Во периодот од 13 до 15 септември 2018 година, во Охрид, Република Македонија се одржа петтата по ред конференција во организација на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје, со наслов „Трансформација кон одржливо и флексибилно општество за лицата со инвалидност“. Конференцијата беше организирана по повод одбележување на 25 годишнината од започнувањето на студиите по дефектологија во државата.

Првиот конференциски ден беше предвиден за свечено отварање на конференцијата на кое присуствуваа владини претставници од ресорните министерства за здравство и образование и наука и советници.

По свечениот дел во кој поздравни обраќања имаа раководителот на Институтот за дефектологија доц. д-р Наташа Станојковска-Трајковска, деканот на Филозофскиот факултет, проф. д-р Ратко Дуев, министерот за здравство, г-дин Венко Филипче, заменик министерот за образование и наука, проф. д-р Петар Атанасов и г-дин Спасе Додевски, советник во владата на Република Македонија, пленарните предавачи ги изложија своите предавања.

**Адреса за кореспонденција:**
Маја Филиповска
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
Бул. „Гоце Делчев“ 9а
1000 Скопје

NEWS AND INFRMATION

# THE 5. INTERNATIONAL CONFERENCE “TRANSFORMATION TOWARDS SUSTAINABLE AND RESILIENT SOCIETY FOR PERSONS WITH DISABILITIES” WAS ORGANIZED

*Maja FILIPOVSKA*

Institute of special education and rehabilitation

During the period from 13 to 15 September 2018, in Ohrid, Republic of Macedonia, was held the 5$^{th}$ conference organized by the Institute of Special Education and Rehabilitation from the Faculty of Philosophy in Skopje, with the main theme: “Transformation towards sustainable and resilient society for persons with disabilities”. This conference was organized on the occasion of the 25$^{th}$ anniversary of special education and rehabilitation studies in the country.

The first conference day was scheduled for a grand opening of the conference and was attended by government representatives and advisers from the line ministries of health and education and science.

After the formal part in which the opening speeches were held by the Head of the Institute of Special Education and Rehabilitation Assoc. Prof. Dr. Natasa Stanojkovska-Trajkovska, Dean of the Faculty of Philosophy, prof. Dr. Ratko Duev, Minister of Health, Mr. Venko Filipce, Deputy Minister of Education and Science, prof. Prof. Dr. Petar Atanasov and Mr. Spase Dodevski, Advisor in the Government of the Republic of Macedonia, the plenary lecturers presented their lectures.

**Corresponding address:**
Maja FILIPOVSKA
University “Ss. Cyril and Methodius”
Faculty of Philosophy, Institute of special education and rehabilitation
Blvd. Goce Delchev 9A
1000 Skopje

Во својата презентација, проф. д-р Александра Табај ја опфати работната рехабилитација, д-р Валентина Дуковска зборуваше за развојниот модел на рана интервенција, додека проф. д-р Оливера Рашиќ-Цаневска презентираше за постоечките предизвици во инклузивното образование во земјата.

На конференцијата учествуваа вкупно околу 140 учесници од земјата, соседните држави Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Косово, како и Велика Британија. Главните теми на кои учесниците ги презентираа своите стручни и научни трудови од областа на специјалната едукација и рехабилитација и сродните науки во наредните два конференциски денови беа следните:

- Новини во специјалната едукација и рехабилитација
- Квалитет на живот на лицата со инвалидност
- Инклузивно општество
- Трансформација во областа на здравството
- Трансформација во областа на образованието
- Трансформација во областа на социјалната заштита
- Улогата на владиниот сектор и граѓанските организации во трансформацијата на институциите и услугите и одржливоста на истите
- Меѓусекторска соработка.

In her presentation, Dr. Aleksandra Tabaj covered the work rehabilitation, Dr. Valentina Dukovska talked about the developmental model of early intervention, while prof. Dr. Olivera Rasic-Canevska presented the existing challenges in inclusive education in the country.

The conference was attended by around 140 participants from the country, Serbia, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Slovenia, Italy, Turkey, Kosovo, as well as the United Kingdom. The main topics in which the participants presented their professional and scientific papers in the field of special education and rehabilitation and related sciences in the following two conference days were:

- Novelties in special education and rehabilitation
- Quality of life of persons with disabilities
- Inclusive society
- Transformation in the field of health car
- Transformation in the field of education
- Transformation in the field of social protection
- The role of the government sector and civil society organizations in the transformation of institutions and services and their sustainability
- Cross-sector cooperation.